СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1356/2022

Дата: 18-07-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
### за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Брвеница се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на линиски инфраструктурен објект – кабелски подземен вод, од граница на КО Неготино – Полошко до постојна трафостаница 10(20)KV, КО Волковија и КО Станче, Општина Брвеница.** Вкупната должина на планираната траса изнесува 4,19 км.

Низ планираната траса поминува траса на издадени Услови за планирање на просторот наменети за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод за делница 5: Скопје-Тетово-Гостивар, со тех. бр. У20611.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y25322** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот кои се наменети за изградба на линиски инфраструктурен објект – кабелски подземен вод, од граница на КО Неготино – Полошко до постојна трафостаница 10(20)KV, КО Волковија и КО Станче, Општина Брвеница, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Трасата на кабелскиот подземен вод се наоѓа во третата заштитна зона (зона на хигиено епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче. Во оваа зона

мора да се почитува режимот на заштита на извориштето пропишан со "Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водозафатниот објект извор Рашче, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ" (Сл. Весник на РСМ бр.3/21)

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина за поставување на кабелски подземен вод, од граница на КО Неготино – Полошко до постојна трафостаница 10(20)KV, КО Волковија и КО Станче, Општина Брвеница, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитна на животната средина и подзаконски акти донесени врз нива основа.

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметниот простор за изградба на линиски инфраструктурен објект – кабелски подземен вод, од граница на КО Неготино – Полошко до постојна трафостаница 10(20)KV, КО Волковија и КО Станче, Општина Брвеница, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Брвеница, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 43440 од 26.05.2022 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Условите за планирање на просторот за изградба на линиски инфраструктурен објект – кабелски подземен вод, од граница на КО Неготино – Полошко до постојна трафостаница 10(20)KV, КО Волковија и КО Станче, Општина Брвеница. Вкупната должина на планираната траса изнесува 4,19 км.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на линиски инфраструктурен објект – кабелски подземен вод, од граница на КО Неготино – Полошко до постојна трафостаница 10(20)KV, КО Волковија и КО Станче, Општина Брвеница, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1356/2022 од 15.07.2022 год.

Условите за планирање на просторот **за изградба на линиски инфраструктурен објект – кабелски подземен вод, од граница на КО Неготино – Полошко до постојна трафостаница 10(20)KV, КО Волковија и КО Станче, Општина Брвеница,** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил/Одобрил:
Соња Фурнаџиска